**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007 и 90/2009), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот
## („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2009)

I. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2007, 32/2008, 31/2009 и 96/2009), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во глава XIII точка 130, се додава нов став 4 којшто гласи:

„За договорите за хибридни капитални инструменти и субординирани инструменти склучени до денот на стапувањето во сила на оваа одлука, ќе се применуваат прописите коишто важеле на денот на нивното склучување. Во случај на продолжување на рокот на договорите за хибридни капитални инструменти и субординирани инструменти склучени до денот на стапувањето во сила на оваа одлука, банката е должна да го усогласи договорот со одредбите од оваа одлука.“

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О. бр. 02-15/XII-3/2009**
**24 декември 2009 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**м-р Петар Гошев**